Билтен #4

# Проект RIDE AND SMILE

По зимниот период, повторно се активираме! Планови, подготовки за нешто забавно и практично, нешто кое претстои на Пролет 2022. Времето се затоплува, а со тоа се зголемува и ентузијазмот на децата, учениците, за претстојните активности - сите сакаат да возат велосипед на убаво време!

## На што работевме и што истражувавме?

Партнерите-училишта од проектот (од Романија, Италија, и Северна Македонија) активно истражуваа комплет дидактички активности кои ќе придонесат кон соодветна и точна употреба на проектната апликација која промовира одржлив транспорт, пропратно со забавно и креативно возење велосипед, но и интересни активности во училниците. Категориите и нивните групирања се на Англиски јазик, и тоа: Traffic counting, Ways to school, Mobility diary, Greenhouse effect & climate change, Cycling course, и Bicycle and road safety.

Тоа што го истражувавме и категоризиравме во овие групи активности ќе им помогне на децата да научат повеќе за заштита на животната средина, одбегнување на активности кои негативно влијаат на животната средина и климатската состојба, снаоѓање во просторот и сообраќајот, вежбање интересни маневрирања со велосипедите, учење за растојанија во нивното секојдневно движење, препознавање на опасни области во околината, лоцирање на велосипедски патеки во близина на нивните домови и слично.

## Локални информативни и подготвителни работилници за дидактички активности

Во Романија, се одржа онлајн работилница за вовед во истражените дидактички активности, со категориите “Bicycle and road safety” и “Cycling course”. Некои од активностите веќе им беа познати на учениците, како на пример велосипедскиот натпревар, и сега, работата е со фокус на патна безбедност. Ова е од големо значење во Романија, бидејќи наставните планови досега не вклучувале сообраќајни правила и знаци (барем не во основното образование). На овој начин, ваквата празнина во образованието ќе се пополни, и содржините ќе се подобрат. Со придонесот за дидактички активности, наставниците ќе ги имплементираат во рок од една недела или пак еден месец, по избор, и учениците ќе имаат подобра контрола, рефлекси, внимание во сообраќајот и просторот. Работата се фокусира на секојдневно возење велосипед и се што тоа опфаќа, но исто така и виртуелен натпревар во форма на велосипедска друштвена игра која ќе заземе одлична форма до пролетната сезона.

Овој проект е поддржан од Европската Комисија. Ова издание на билтен ги одразува само гледиштата на авторите, и Комисијата не е одговорна за каква било употреба на содржаните информации.






Во **Северна Македонија**, групите активности кои се доделени се “**Traffic counting**” и “**Mobility Diary**”. Партнерското основно училиште “Ј.Х.Песталоци” од Скопје, заедно со “Еко Логик” одржаа работилница за учениците на тоа училиште, кои ќе учествуваат во практичните проектни активности и употреба на апликацијата.

Сите деца беа многу љубопитни и нетрпеливи да започнат со практичниот дел, активно слушаа, и беа најзаинтересирани за апликацијата која ќе меморира дистанци и километри од одржлив транспорт (велосипед, пешачење, јавен транспорт...). На оваа работилница, учениците од неколку одделенија, и нивните ментори/наставници, се запознаа со повеќе детали за тоа што следува од практичен аспект.





Во Италија, категориите беа “Ways to school” и “Greenhouse effect and climate change”. Партнерските училишта и организации одржаа работилници на креативен и игрив начин со љубопитните ученици. Преку групна работа, децата зборуваа и учеа за видовите на транспорт во урбани области, и зборуваа за најчест вид на транспорт кој го користат секојдневно. Тие го подобрија своето знаење за овие термини на Англиски јазик, и запишуваа се што учеа на ѕиден постер и во нивните тетратки. Учениците исто така вежбаа и цртање на мапа и запишување на истата, односно мапа од области близу до нивните домови и училишта. Апликацијата исто така беше тестирана со цел собирање на вредности за дистанци и растојанија (преку возење велосипед, пешачење, јавен транспорт...).

Овој проект е поддржан од Европската Комисија. Ова издание на билтен ги одразува само гледиштата на авторите, и Комисијата не е одговорна за каква било употреба на содржаните информации.











## Што е следно?

На крајот на Март 2022, во Северна Македонија, главната дискусија е со фокус на тековните, но и следните проектни фази и активности, како практичното тестирање и имплементација на истражените активности, новости околу проектната платформа, како и главното велосипедско возење на проектно ниво, предвидено за месец Мај. Да потсетиме, предизвикот е возење велосипед, собирање што е можно повеќе километри преку ваков транспорт и...натпреварување помеѓу учениците, но повеќе за тоа...набрзо!

За уште новости, повеќе во следното издание на билтенот RIDE AND SMILE.

**Во меѓувреме, следете ја нашата Facebook страница.**

**Останете со нас!**

RIDE & SMILE

Овој проект е поддржан од Европската Комисија. Ова издание на билтен ги одразува само гледиштата на авторите, и Комисијата не е одговорна за каква било употреба на содржаните информации.